ИИ197

НОВА МАКЕДОНИЈА 29. 1. 1998, 15,

# Недемантирана невистина

● (Повод: Интервјуто со белградската сликарка Олја Ивањицки)

Пред повеќе време на страниците на вашиот весник беше објавено интервју со белградската сликарка Олја Ивањицки. Во него таа, меѓу другото, изјави дека кога сакала пред многу години да му подари свое дело на Музејот на современата уметност, била одбиена од тогашниот директор Борис Петковски. Потоа, Галеријата „Оливер“ од Скопје, која ја застапуваше Ивањицки при нејзиниот настап со изложба во Музејот на град Скопје, ја извести оваа сликарка дека нејзината изјава не е точна; дека нејзиното дело: сликата „9 Мај – Денот на победата“, било не само прифатено туку и дека било изложено во првата поставка на Музејот на современата уметност во Скопје, при отворањето на неговата нова зграда на 13.11.1970 година. И дека тоа тука останало изложено сè до крајот на 1976 година, односно од одењето од Музејот на неговиот прв директор Борис Петковски. Наместо да се извини, непосредно и на истото место (на страниците на „Нова Македонија“) Олја Ивањицки сето ова го потврди во еден дел во многу подоцнежното интервју во скопскиот магазин „Денес“ од 20 ноември 1997 година. Со оглед дека ниту Олја Ивањицки, ниту Музејот на современа уметност: кој ме извести за нејзиното интервју во „Нова Македонија“ и вети дека тој ќе реагира на оваа невистна, неа до денес (15.1.1998) не ја демантираа на страниците на вашиот весник, каде што беше објавена. Ве молам, во интерес на вистината, да го објавите барем овој мој текст.

Проф. Д-р Борис Петковски